# АКАДЕМИК СИНИША СТАНКОВИЌ – ВЉУБЕНИК ВО ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО (8)

Среда, 14 Февруари 2024 01:00



***За придонесот на професорот Станковиќ и за неговата улога во заштитата на човековата средина, Јаков Данон го рекол следното:***

*„Погледите на Станковиќ на екологијата носат материјалистичко и дарвинистичко обележје. Екологијата тој ја гледа како економија на живата природа, како наука за производство и за распределба на органската материја во природата и како наука за проблемите на раселувањето на органските видови и одржувањето на живиот свет во целина. Со тоа на екологијата ѝ дава една нова и широка димензија, која ѝ овозможува на соодветен начин да се поврзе со многу современи проблеми на човечкото општество.*

*Тој е еден од првите научници кој посебно укажа кај нас за потребата од заштита и зачувување на човековата средина. Свесен за особено силното влијание на современата технологија врз неа, тој постојано укажуваше на огромното значење на екологијата во решавањето на актуелните проблеми на човечкото општество“.*

Академикот Станковиќ секоја година летниот одмор или семестрален распуст го минувал во Охрид, во најинтензивна работа, било во обработка на своите материјали, било во консултација со научните работници на Заводот.

Уште на самиот почеток, а особено по Втората светска војна, тој конципирал долгорочна програма за истражување на Охридското Езеро, воспоставил соодветна организација на Хидробиолошкиот завод и формира научни кадри. Тој непосредно раководел со научната работа, бил претседател на Советот на Заводот, член на Научниот совет, раководител на докторантите, рецензент на докторските дисертации и на трудовите на Зборникот, како и главен и одговорен уредник на публикациите на Заводот.

Посебно треба да се нагласи дека од организационата поставеност, каква што тој ја востановил, од конципираната програма и завршените истражувања, од него и неговите ученици произлегоа значајни резултати. Така, под негово раководство биле објавени голем број научни трудови и биле изработени и одбранети десетина докторски дисертации.

Првата докторска дисертација за живиот свет на Охридското Езеро била на Душица Стефановиќ, која како комунист била стрелана од Германците во 1941 година. Меѓутоа, овој труд професорот Станковиќ го подготвил за печат и го објавил во 1948 година. Нејзиниот автор не дочекал да ја одбрани својата теза на тема „*Развој и еколошки испитувања на охридските пастрмки“.*
Сепак, таа станала доктор по биолошките науки, чија теза прва била објавена во слободна Југославија.

Во 1950 година, А. Јуриљ ја одбранил докторската дисертација на тема *„Нови дијатомеи на Охридското Езеро и нивното филогенетско значење“,*
а во 1955 година, П. Радоман, на тема „
*Морфолошки – систематски истражувања на охридските хидробиди“.*





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**